WVP
PENZISKO

До

Македонска берза АД Скопје

Скопје, 17.04.2024 година

Предмет: **Известување**

Согласно одредбите од член 166-б став 1 алинеја 3 и алинеја 5, Друштвото за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје известува за следните измени:

- Нова емисија на хартии од вредност: Спроведено е зголемување на основната главнина со издавање на обични акции со право на глас од III (трета) емисија по пат на приватна понуда, со вкупна номинална вредност од 145.000 евра на сите нови издадени акции, за познат купувач, институционален инвеститор, кој е и единствен акционер со 100% учество во акционерскиот капитал на Друштвото и тоа: Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје. Уписот на новата емисија на хартии од вредност е спроведен по добиена согласност од Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и Комисијата за хартии од вредност.

- Статусна измена: Извршена е измена во член 14 став 2 и член 16 став 1 и 2 од Статутот на ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје, во насока на впишување на вкупниот износ на основната главнина, по спроведеното зголемување. Основната главнина по зголемувањето е 720.000 евра, и е поделена на 720.000 обични акции, со номинален износ од 1 евро.

Законски застапник/овластен потписник
на **ВФП Пензиско друштво АД Скопје**

1. Марио Ѓорѓиев–
Претседател на Управен одбор

_______________________

Друштво за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје

2. Артон Лена –
Член на Управен одбор

_______________________

арх.бр.0306-137 од 17.04.2024 г.

Друштво за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ
ул. бул.Кочо Рацин бр. 3-2 кат 3 и 4, 1000 Скопје;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvppenzisko.mk; contact@wvppenzisko.mk;
ЕМБС7598211; ЕДБ4080022606997